ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

1.Прашање:

Во поедноставена отворена постапка без е-аукција, имаме доставено изјава за исполнување на условите за способност, а во делот на техничка понуда имаме доставено образец технички спецификации наместо образецот на техничка понуда. Поради наведеново, нашата понуда беше отфрлена како неприфатлива, и покрај тоа што беше најповолна.

Дали може договорниот орган да побара дополнување на понудата, односно зошто не одбиват имајќи предвид дека истите податоци се соодржани во техничките спецификаци и во техничката понуда (во техничките специфкаци се наброени сите позици со количини а во техничката понуда во делот на понудени технички каркетеристики се бара да се наведе согласно предмер пресметката што сепак се работи за исти спецификации)?

Одговор:

Евалуацијата на понудите претставува процесот на оценување на понудите, кој комисијата за јавна набавка го врши врз основа на критериумите и барањата наведени во тендерската документација. Додека, понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

Комисијата во фазата на евалуација согласночлен 79 став (2) алинеја 7 од законот, ги проверува техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација. Согласно алинеја 9 од истиот член, комисијата утврдува неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи.

Согласно дефиницијата дадена во член 2 точка 11 од Законот - „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Оттаму, со цел да се утврди прифатливоста на понудата, нужно е са се проверат техничките понуди на понудувачите.

Сепак, во предвид треба да се има и членот 109 став (4) од законот, согласно кој никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки , не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

Имајќи го предвид изнесеново, комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација, а врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

Доколку сметате дека договорниот орган постапил спротивно на одредбите од законот, можете да постапите согласно со член 142 од законот и да вложите жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Начинот и роковите за изјавување на жалба (кои зависат од видот и фазата во која се наоѓа постапката) се пропишани со Глава VIII, Поглавје 3 членови од 142 – 150 од законот.

ПЛАНИРАЊЕ / ПРЕТХОДНА ПРОВЕРКА НА ПАЗАРОТ

2.Прашање:

Во Годишниот план за јавни набавки за 2025 година имаме предвидено набавка за отворање на шумско-камионски патишта, со вкупна проценета вредност од 2.118.644 денари. Оваа набавка беше замислена да се спроведе како деллива (6 шумско-камионски патишта на различни локации, со различна должина). Тоа не е наведено во Годишниот план, туку ќе се дефинира при објавувањето на огласот и во тендерската документација.

Во моментов имаме потреба од спроведување на постапка само за еден шумско-камионски пат, со проценета вредност од 500.000 денари.

Дали е дозволено да се спроведе постапка за дел од набавката (еден шумско-камионски пат со вредност од 500.000 денари), иако во Годишниот план е наведена единствена набавка со вкупна вредност?

Доколку се реализира само еден дел од набавката во моментот, дали во наредниот период може да се објават останатите делови (односно преостанатите шумско-камионски патишта) како посебни постапки, во рамки на истата ставка од Годишниот план и вкупната проценета вредност?

Одговор:

Согласно член 75 став (1) од Законот за јавните набавки (понатаму: Законот), врз основа на планираните извори за финансирање, договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи според ЗПЈН, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Воедно, договорниот орган по потреба согласно став (4) од горенаведениов член, во текот на годината може да го измени и/или дополни планот согласно со планираните или обезбедените средства за јавни набавки и истите ги објавува на ЕСЈН.

Во однос на прашањето дали „е дозволено да се спроведе постапка за дел од набавката (еден шумско-камионски пат)“ и „доколку се реализира само еден дел од набавката, дали во нареден период може да се објават останатите делови повикувајќи се на истата од Годишниот план“, ве известуваме дека истото не е можно.

Имено, доколку се објави оглас повикувајќи се на планирана потреба од Годишниот план (само за еден дел), при повторно објавување на оглас за друг дел нема да можете да се повиката на планираната потреба. Во овој случај ќе треба да пристапите кон измена на годишниот план.

Предвид треба да ги има и ставот (4) од членот 40 од Законот, според кој, во случај на потреба од набавка за која веќе е спроведена постапката за јавна набавка во тековната година, а која не можела да се предвиди во моментот на нејзиното спроведување, договорниот орган ја зема предвид вкупната проценета вредност на соодветната потреба при избор на видот на постапка.

3.Прашање:

За проектите кои се финансираат од развојни програми 2025-2027 од Влада, за кои ќе спроведуваме постапки за јавни набавки, како да го регулираме плаќањето во тендерската документација и договорот за јавни набавки. Сумата на потребни средства е позната е само за 2025 година?

Одговор:

Договорниот орган, согласно член 75 став (1) од законот, врз основа на планираните извори за финансирање, донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година по видови стоки, услуги и работи, со кој го определува предметот на набавка, очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка.

Согласно горенаведеното, во годишниот план за јавни набавки се внесуваат и планираните набавки кои ќе се реализираат во повеќе од една година. Во ваков случај, потребно е набавката да се внесе во годината кога е планирано да се спроведе постапката.

Од друга страна, за потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган. Со одлуката за јавна набавка согласно со член 77 став (2) од законот, меѓуостанатото се утврдува и износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот. Оттука, во одлуката за јавна набавка задолжително се утврдува целокупниот износ што се планира да се исплати за реализација на договорот, вклучувајќи го и ДДВ.

Ако станува збор за повеќегодишен договор, кој е подолг од 12 месеци, тогаш во одлуката се наведува целокупниот износ кој е потребен за реализација на тој договор за предвидениот период, како и начинот на плаќање, износот и изворот на средства за секоја година поединечно (на пр., „За задоволување на потребата од точка 1 на оваа одлука се утврдуваат средства во вкупен износ од 1.000.000 денари, а плаќањето да се изврши од буџетот/финансискиот план на договорниот орган за 2026 и 2027 година).

Дополнително, во зависност од одредбите на договорот кој што го имате склучено со Влада, потребно е да ги согледате динамиката на плаќање, начинот, како и сите други аспекти кои што ви се важни при склучување на идните договори од развојната програма 2025-2027 година.

Во однос на други прашања во врска со начинот на плаќање, изворот на средства, динамиката и слично, потребно е да се обратите до Владата на Република Северна Македонија од која и ви се доделени средствата за конкретните проекти.

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

4.Прашање:

По донесена и објавена одлука за поништување на постапка поради погрешно наведена количина во финансиската спецификација дадена во тендерската документација, по истекот на колкав временски период може повторно да се објави оглас за истата набавка?

Одговор:

Договорниот орган согласно член 114 став (3) од законот, ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку ЕСЈН, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

Оттука, по истекот на рокот за изјавување жалба во конкретната постапка договорниот орган би можел да пристапи кон објавување на оглас за јавна набавка.

Сепак, во предвид треба да го имате ставот (2) од член 114, според кој во случај на поништување на постапката за јавна набавка од причини што поради непредвидени и објективни околности се промениле потребите на договорниот орган (член 114 став (1) алинеја 7), нема да сметее да спроведе нова постапка за истиот предмет на набавка во период од една година од денот на донесувањето на одлуката за поништување на постапката.

5.Прашање:

Спроведена е поедноставена отворена постапка за изградба на улици, а предметот на набавка не беше оформен на делови. Во моментот сме пред склучување на договор со избраниот понудувач.

За една од улиците, пред 3-4 месеци поднесено е барање до Бирото за регионален развој за добивање на финансиски средства за нејзина реализација. По добивање на одговор дека бараните средства нема да се одобрат, во техничката спецификација предвидена е и изградба на оваа улица со средства од општината. Во меѓувреме од страна на Бирото за регионален развој одобрени се средства за таа улица, и бара спроведување на посебна постапка.

Дали може да ја поништиме постапката според член 114 став 1 алинеја 3 од законот, односно поради настанати непредвидени промени во буџетот на договорниот орган?

Одговор:

Постапката за јавна набавка може да се поништи доколку е исполнет некој од основите пропишани со член 114 став (1) алинеи од 1 – 8 од законот.

Воедно, согласно ставот (3) од горенаведениот член, договорниот орган ги известува сите учесници во постапката за јавна набавка преку Електронскиот систем за јавни набавки, најдоцна во рок од три дена од денот на поништувањето, во врска со престанокот на обврските на учесниците што произлегуваат од поднесувањето на понудите и за причините за поништување на постапката.

Напоменуваме дека, врз основа на фактичка состојба, потребно е самостојно да одлучите како ќе постапите во конкретната ситуација.

КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

6.Прашање:
Согласно законот, Комисијата за јавна набавка на договорниот орган треба да е составена од непарен број членови, во контекст на ова дали Комисија составена од три члена плус едно ангажирано надворешно стручно лице, ќе се смета дека е непарна (три члена) или ќе стане парна (четири члена)?

Одговор:

Договорниот орган со одлуката за јавна набавка меѓуостанатото го назначува составот на комисијата, како и ангажирање надворешни стручни лица, доколку е потребно.

Од наведенава одредба произлегува дека составот на комисијата се утврдува во одлуката. При тоа, не е ограничен бројот на членови и нивните заменици и тој ќе зависи од сложеноста и од вредноста на предметот на набавка. Но, договорниот орган мора да внимава комисијата да е составена од непарен број членови.

Надворешните стручни лица може, но не мора да бидат вработени кај договорниот орган. Поимот „надворешни“ се однесува на лица кои не се членови на комисијата и најчесто договорниот органи ги користи при подготовката и дефинирањето на техничките спецификации, како и при евалуацијата на понудите, особено на техничките. Воедно, треба да се има предвид дека надворешните стручни лица немаат право на глас во одлучувањето на комисијата за јавна набавка, а нивниот извештај е прилог на извештајот од спроведената постапка.

7.Прашање:

Дали комисијата може да биде составена од еден член и еден негов заменик?

Одговор:

Според, толковниот речник на македонскиот јазик под поимот комисија се подразбира група луѓе што е службено назначена или избрана за извршување на некаква задача (на пр., комисија за јавна набавка, испитна комисија, дисциплинска комисија и сл.).

Оттука, комисијата за јавна набавка НЕ МОЖЕ да биде составена од еден член.

8.Прашање:

Потврдата за лице за јавни набавки ми е истечена на 19.05.2025, дали до обновување на потврдата би можел да распишувам оглас за јавна набавка?

Одговор:

Договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки. Со членот 80 од законот, се уредуваат условите кои едно лице треба да ги исполни за да биде лице за јавни набавки, како и работите кои треба да ги извршува.

Иако, експлицитно не е наведено дека лицето/лицата треба да бидат вработени кај договорниот орган, истото се подразбира, а на ова упатува и одредбата од член 181 став (2) од законот, согласно која глоба за сторен прекршок во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице кое е договорен орган доколку: нема барем едно лице за јавни набавки со валидна потврда за лице со јавни набавки согласно со членот 80 од законот, како и одредбите кои се однесуваат на општите мерки за спречување на корупцијата утврдени со членовите од 33, 34, 35 и 36 од законот.

Лицето кое поседува потврда за лице за јавни набавки е должно пред истекот на важност на потврдата, да посети обука за ресертификација. Доколку рокот на важност на потврдата е истечен, лицето треба да се

пријави за следење на редовна обука. Доколку лицето е пријавено на обука, до обновување на потврдата за положен испит од областа на јавните набавки, би можело да ги извршуваи работите од областа на јавните набавки во рамки на институцијата. Доколку лицето нема важечка потврда за лица за јавни набавки и не е пријавено за обука за стекнување или продолжување на потврдата за лица за јавни набавки, во тој случај не се исполнети условите од член 80 од законот.

Воедно, а со цел да не се доведувате во ваква состојба во иднина треба навремено да внимавате на обврската за обновување на потврдата за лице за јавни набавки или на потребата од сертифицирање на ново лице/а за јавни набавки.

Со цел да ја надминете состојбата во која се наоѓате, ви укажуваме на можноста која ја дава ќченот 62 од законот. Групна набавка согласно со член 62 став (1) од законот, се врши координирано преку еден договорен орган во име на група договорни органи, по претходно склучен договор за извршување групна набавка. Оваа одредба овозможува одреден степен на централизирање на набавките на начин што договорните органи сами се групираат и сами одлучуваат кој од нив ќе ја спроведе постапката во нивно име. При тоа, не е неопходно оној што ќе ја спроведува групната набавка да има потреба од тој предмет на набавка, што воведува одредена флексибилност во групирањето на договорните органи. Предноста на овој пристап е можноста од групирање на повеќе договорни органи од кои можеби некои немаат доволно искуство или знаење за јавните набавки или пак немаат доволен административен капацитет и го овластуваат најискусниот член на групата да ја спроведе набавката, иако можеби тој договорен орган нема потреба од истата. При тоа, без оглед на тоа дали ќе се реализира групна набавка и кој ќе ја реализира истата, секој договорен орган треба во својот план за јавни набавки да ги искаже потребите од конкретната набавка во својот дел.

Исто така препорачуваме, во зависност од бројот и обемот на постапките за јавни набавки, договорните органи да определуваат повеќе лица за јавни набавки или посебен организациски облик во чии рамки ќе се вршат работи од областа на јавните набавки, како би имало континуитет во спроведување на набавките и почитување на член 80 од законот.

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

9.Прашање:

Во објавен оглас за Печатење на разни видови обрасци, е наведено дека е предвидена задолжителна посета на локација во работни денови во период од 9-00 до 11-00 часот до пред почеток на јавно отварање на понудите. Економските оператори при посетата на локација потребно е да се запознаат детално со Предметната постапка, односно за Дел 3 - Печатење на разни видови обрасци заради вршење на безбедносна проценка односно презентација на сите видови образци кои ке бидаат предмет на печатење и со каков формат и квалитет на хартијаат треба да бидаат изработени. Во прилог на понудата треба да се достави доказ за извршена посета на локација пополнет и потпишан од страна на овластено лице на договорниот орган и овластено лице на економскиот оператор (Прилог бр.4 - Образец за посета на локација).

Од страна на договорниот орган е назначено и овластено лице и дадени се податоци за контакт. Од објавување на огласот, во неколку наврати е контактирано истото со цел да договориме посета на просториите, но безуспешно. Овластеното лице било на боледување, замена не е определена и добиена е информација дека најверојатно ќе се поништи постапката. Постапката за јавна набавка не е поништена, а крајниот рок за поднесување на понудите е 24.07.2025. Со ваквиот однос на договорниот орган сметаме дека сме спречени да учествуваме со понуда. Како да постапиме?

Одговор:

Договорниот орган во тендерската документација, согласно член 81 став (1) од законот, ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Во случај кога во тендерската документација е предвидено времето кога ќе се реализира посетата на локацијата, а од одредени објективни околности истата не може да се реализира, договорниот орган би требало да одреди замена на лицето задолжено за реализација на истата, да направи соодвета измена на тендерската документација и слично.

Од друга страна, доколку сметате дека договорниот орган постапил спротивно на одредбите од законот односно имате правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба и сте претрпеле или би можеле да претрпите штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, можете да постапите согласно со член 142 од законот и да изјавите жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Начинот и роковите за изјавување на жалба (кои зависат од видот и фазата во која се наоѓа постапката) се пропишани со Глава VIII, Поглавје 3 членови од 142 – 150 од законот.

Исто така, ве упатуваме да го имате предвид и член 150 од Законот за јавните набавки, во кој се утврдени рокови за изјавување жалба во останати случаи.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

10.Прашање:

Како договорен орган имаме склучено договор за јавна набавка на работи (реализација на градежен проект). Во тендерската документација како услов за вршење на професионална дејност покрај документ за вршење на дејност, се бараше економските оператори да поседуваат Лиценца А за изведба на градба од прва категорија.

Избраниот најповолен понудувач поседуваше ваква лиценца, но по отпочнување на реализацијата на договорот (до негово целосно завршување има уште 6 месеци), добивме информација дека на истиот му е одземена лиценцата.

Понудувачот има поднесено тужба до Управниот суд и решението за одземање на лиценцата сеуште не е правосилно.

Како да постапиме, дали да пристапиме кон раскинување на договорот и да ја активираме банкарската гаранција за квалитетно и навремено изведување на работите?

Одговор:

Во согласност со член 120 под б) од законот, договорниот орган го раскинува договорот за јавна набавка или рамковната спогодба за време на важноста доколку: носителот на набавка се наоѓал во една од ситуациите поради кои договорниот орган морал да го исклучи од постапката за јавни набавки, но за овој факт не бил запознаен во текот на постапката.

Кај раскинувањето на договор станува збор за престанување на правно важечки договор кој сè уште не е исполнет или е само делумно исполнет. Раскинувањето на договорот е можно со заемна согласност на страните кој го склучиле, но, исто така, може да биде и едностранo раскинат од една од договорните страни.

Во случај кога е исполет горенаведениот услов, договорот ќе биде едностранo раскинат од страна на договорните страни.

Сепак, во однос на прашањето „дали поднесената тужба до Управен суд ја одлага правосилноста на решението за одземање на лиценца“, одговорот треба да го побарате од Министерството за транспорт и врски.

Воедно напоменуваме дека, при едностранo раскинување на договорот за јавна набавка, согласно Законот за јавните набавки кој е во примена од 1 април 2019 година, не е предвидена можност, договорниот орган да издаде негативна референца.

11.Прашање:

Во врска член 95 став 8 точка а), докажување на техничката и професионална способност листа на главни испораки на извршени услуги во последните три години, со вредности, датуми, купувачи (договорни органи или економски оператори), со обезбедување потврда за извршени извршени услуги.

Дали договорниот орган може да прифати како доказ потврди од крајните корисници за завршени услуги по поединечни договори во последните две години доделни врз основа на рамковна спогодба која сеуште е во важност, т.е. истата е со времетраење до 2025?

Одговор:

Рамковната спогодба сама по себе не претставува договор за испорака на конкретна стока, услуга или работа. Спогодбата не создава обврска за договорниот орган да бара конкретна стока, работа или услуга да се испорача, изврши, односно изведе. Спогодбата се подразбира единствено како можност договорниот орган во моментот кога ќе му биде потребно нешто што е предмет на спогодбата да пристапи кон една од страните на рамковната спогодба и со неа да склучи договор за испорака, извршување или изведување на одредена количина од она што е предмет на спогодбата, под услови кои се утврдени во истата.Начинот на доделување на поединечните договори за јавни набавки кои се доделуваат врз основа на рамковна спогодба, потребно е јасно да бидат наведени во огласот за јавна набавка или во поканата за потврдување на интересот на економските оператори кои се страни на рамковната спогодба.

Поединечните договори за јавни набавки, се склучуваат пред истекот на рокот на рамковната спогодба, и при нивно доделување согласно член 57 став (5) од законот, не смее да се менуваат основните услови утврдени во рамковната спогодба, особено во случаите од ставот (7) на овој член.

Од друга страна, реализацијата на договорот (вклучително и поединечниот договор доделен врз основа на рамковната спогодба) зависи од предметот на набавка (стоки, услуги или работи). На пример, ако станува збор за изведување на работи, договорот се смета за целосно реализиран по извршениот технички прием на работите (предмет на набавка) и извршеното примопредавање. Ако станува збор за договор за јавна набавка на стоки или услуги, по испорака на стоките или извршувањето на услугите со што се смета дека договорот за јавна набавка се реализирал.

Оттука, доколку поединечниот договор бил успешно и навремено реализиран, а врз основа на тоа економскиот оператор добил потврда од крајниот корисник за квалитетно извршување на истиот, сметаме дека не постои пречка истото да биде прифатено како доказ, при тоа имајќи предвид дека поединечниот договор е целосно реализиран, согласно предвидените услови од склучената рамковна спогодба.

КОРИСТЕЊЕ СПОСОБНОСТ ОД ДРУГИ СУБЈЕКТИ

12.Прашање:

Во постапка за јавна набавка на работи составена од повеќе делови, еден ист економски оператор се јавува како поддршка на два понудувачи во сите делови. Дали истото е дозволено, имено, тој економски оператор не се јавува директно како учесник во постапката за јавна набавка (понудувач), туку како поддршка на други економски оператори?

Одговор:
Согласно член 107 став (1) и (2) од законот, кандидатот, односно понудувачот, во рамките на иста постапка за јавна набавка може да учествува само во една пријава за учество, односно понуда.

Сите пријави за учество, односно понуди ќе бидат отфрлени ако кандидатот, односно понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда или

- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна пријава за учество, односно понуда.

Со горенаведениот член се утврдува принципот „еден понудувач – една понуда“, кој е вообичаен во меѓународната пракса. Ваквото правило важи без оглед на тоа дали кандидатот или понудувачот настапува самостојно или како член во група на економски оператори и се забранува понудувачот или кандидатот да учествува со повеќе од една понуда или пријава за учество. Разните комбинации кои може да се јават во пракса и кои не се дозволени се опфатени во ставот 2 од член 107 од законот.

Економскиот оператор кој не се јавува како понудувач, може да се јави во улога на поддршка на повеќе понудувачи во истата постапка.

Сепак треба да спомнеме дека, евалуацијата на понудите претставува процес на оценување на понудите од страна на комисијата за јавна набавка и се врши исклучиво со користење на критериумите наведени во тендерската документација и во огласот за јавна набавка.

СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

13.Прашање:

Во рамки на групна понуда каде постои договор за поднесување на групна понуда помеѓу двајца економски оператори е доставена изјава за сериозност само од Носителот на групата, при што е назначено дека истиот ја дава изјавата како учесник во постапката и го наведува бројот на огласот.

Дали секој член на групата треба да достави изјава за сериозност, или единствено е потребно да се достави изјава од Носителот на групата?

Одговор:
Договорниот орган согласно член 101 став (1) од законот, бара гаранција на понудата во вид на банкарска гаранција или изјава за сериозност на понудата и тоа го наведува во огласот и во тендерската документација.

Кога во постапката за јавна набавка е доставена понуда од група на економски оператори, договорниот орган за секој член од групата проверува дали постојат причини за исклучување од постапката, а воедно сите членови од групата треба да ја докажат и способноста за вршење професионална дејност.

Во постапките за јавни набавки согласно со член 106 став (2) од законот, може да учествуваат и групи економски оператори, вклучувајќи ги и привремените здружувања, согласно со прописите за заштита на конкуренцијата. Составен дел на групна понуда согласно став (5) од наведениов член, е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка, а кој особено ги содржи следниве податоци:

- членот на групата што ќе биде носител на групата, односно што ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата пред договорниот орган,
- членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка,
- членот на групата што ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата,
- краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот и
- други податоци кои договорниот орган ќе ги утврди во тендерската документација.

Треба да се има предвид дека овие податоци се законскиот минимум кој треба да биде содржан во договорот за групна понуда. Воедно, алинејата 5 од став (5) на член 106, дава можност од страна на договорниот орган да бидат побарани и други податоци.

Од изнесеново произлегува дека, во случај на група економски оператори составен дел на понудата е договор за поднесување групна понуда во кој треба да бидат содржани податоците кои договорниот орган ги бара и биле наведени во тендерската документација.

Во однос на вашата дилема „дали носителот на понудата ја потпишува Изјавата за сериозност или е потребно и членот/членовите на групата економски оператори, напоменуваме дека ова прашање треба да биде уредено во договорот за групна понуда.

Имено, согласно последните надградби на ЕСЈН од 01.04.2025 година, образецот со основните податоци на понудувачот, како и финансиската понуда и изјавата за сериозност се генерираат на системот во согласност со внесените податоци од страна на понудувачот на самата форма во модулот за поднесување на понудите. Оттука, Изјавата за сериозност на понудувачот која што се генерира автоматски е унифицирана и истата единствено е потребно дигитално да се потпише од понудувачот/носителот на понудата преку екстензијата за потпишување на ЕСЈН.

Од друга страна, имајќи предвид дека членовите на групата економски оператори солидарно ги преземаат обврските спрема договорниот орган согласно условите во тендерската документација и одредбите во договорот за групна понуда, во име на групата економски оператори Изјавата за сериозност, би можел да ја достави само носителот на понудата.

ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

14.Прашање:

Направен е пропуст во однос на часот на јавното отворање. Јавното отворање беше закажано во 10:00h, но е спроведено во 16:30h.

Дали на овој начин сме го прекршиле Законот за јавните набавки и доколку да, како да постапиме. Дали треба да се поништи постапката?

Одговор:

Согласно член 81 став (1) од законот, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Со ставот (2) од член 108 од законот, е уредено дека отварањето на понудите започнува во времето определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, освен кај набавката на консултантски услуги.

Поништувањето на постапката е регулирано согласно одредбите од член 114 од законот.

Непочнувањето на јавното отворање во време определено со тендерската документација, не претставува причина за поништување на постапката согласно наведениот член.

Сепак, на некој начин претставува повреда на начелото на транспарентност од причина што економските оператори кои сакале да го следат не биле во можност заради пропустот направен од ваша страна. Оттука, договорниот орган треба да одлучи како ќе постапи во конкретниов случај.

ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ / НЕВООБИЧАЕНО НИСКА ЦЕНА

15.Прашање:

Во отворена постапка, како услов за утврдување на техничка и професионална способност, од економските оператори се бара да достават листа на изведени работи од прва категорија со минимум три потврди за навремено и квалитетно изведени работи во последните 5 години од кои една во вредност од 30 милиони денари.

Во фазата на евалуација на понудите, комисијата утврди дека еден економски оператор има доставено 4 потврди од кои двете потврди се потпишани од исто лице и тоа на едната како прокурист (фирма 1) а на другата како управител (фирма 2). Кај фирма 2 понудувачот се јавува како сопственик со удел од 33.33%, а сопственикот на фирма 1 има уште една фирма со адреса иста како фирма 2. Како да постапи комисијата во овој случај со оглед на тоа што станува збор за поврзани друштва?

Одговор:

Евалуацијата на понудите согласно член 109 став (7) од законот, комисијата ја врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација.

Додека, понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со барањата наведени во тендерската документација.

Кога договорниот орган одлучил да утврди минимален услови преку кој ќе се увери дека економските оператори го имаат потребното професионално искуство за квалитетно извршување на договорот согласно член 95 став (8) под б) од законот, како докаж може да бара: листа на работи извршени во последните пет години, со приложување потврда за задоволителна изведба на најважните работи. Со цел да се обезбеди соодветно ниво на конкуренција, договорниот орган може, доколку е тоа неопходно, да ги земе предвид доказите за изведени работи пред повеќе од пет години, што го наведува во тендерската документација.

Од изнесеново произлегува дека со законот не се уредува прашањето кое го поставувате. Дополнително, доколку се сомневате во веродостојноста на документот во предвид можете да го имате и член 88 став (2) под ѓ) од законот, согласно кој договорниот орган го исклучува од постапката за јавна набавка економскиот оператор кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

Следствено на изнесеново, комисијата треба да утврди дали доставената понуда е во согласност со бараното во тендерската документација, или ќе утврди дека понудата е неприфатлива и ќе ја исклучи од натамошната евалуација.

16.Прашање:

Во тендерска документација како минимален услов за докажување на техничката и професионалната способност е барано економските оператори да достават цртежи за докажување на бараните карактеристики на понудените стоки и Изјава дека со самата испорака економскиот оператор ќе го достави Техничкиот елаборат.

Истовремено и во техничката спецификасија е наведено дека задолжително треба да се достават технички цртежи, и понудувачот доставил задолжително технички цртежи.

Дали при евалуација на понудите, може да се побара доставување на: „цртежи за докажување на бараните карактеристики на понудените стоки и Изјава дека со самата испорака економскиот оператор ќе го достави Техничкиот елаборат“, доколку понудувачот техничките цртежи ги навел како број на цртеж во колоната „Опис на предметот на набавка, понуден тип или ознака?

Одговор:

Евалуацијата на понудите претставува процесот на оценување на понудите, кој комисијата за јавна набавка го врши врз основа на дефинираните критериуми наведени во тендерската документација.

Оттука, договорниот орган во тендерската документација треба да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел на економските оператори да им обезбеди целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Понудувачот согласно со член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација.

При проверка на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачот и при евалуација на понудата согласно со член 109 став (2) од законот, комисијата може да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација. Наведениве одредби, му дозволуваат на договорниот орган да побара понудувачите да ги појаснат документите или да достават документи, но само доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација.

Согласно став (4) од наведениов член, никакви промени во финансиската и техничката понуда, освен исправката на аритметички грешки, не смеат да се бараат, нудат или да се дозволат од страна на комисијата или од понудувачот.

При утврдувањето на прифатливоста на понудите комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 точка 11 од законот, а неприфатливите понуди нема да ги рангира.

17.Прашање:

По поедноставена отворена постапка за набавка на канцелриски мебел, договорниот орган за докажување на техничката способност, односно квалитет на канцелариски столици бара од понудувачите да достават:

- опис/фотографии/каталози/проспекти на производите кои се предмет на испорака, со техничка спецификација на понудениот производ, од која може да се утврди дека производот ги задоволува бараните карактеристики од техничката спецификација, а чија веродостојност економскиот оператор е должен да ја потврди доколку тоа го побара договорниот орган, со физички увид на понудениот модел .

- тест извештаи или тест сертификати/сертификати издадени од надлежни тела за контрола за квалитет со признаена компетентност, а кои ја тестираат погодноста на производите што јасно била утврдена со упатувањата кон спецификациите и стандардите.

Понудувачот пред да биде избран за најповолен, во прилог на документите за докажување на спсообност достави документација за докажување на способноста меѓу која и согласност за користење на сертификати кои се потребни да се приложат од друг економски оператор, со прилог извештаи за контрола на квалитет.

Дали во овој случај истото може да се прифати како валиден документ со кој се дава користење на спсообност од друг понудувач, кога од друга страна понудувачот не доставил никакви други документи преку кои договорниот орган во конкретната постапка ќе ја провери исполнетоста на условите за кавлитативен избор во делот на способноста која е релевантна, односно која економскиот оператор ќе ја користи од него.

Одговор:

Можноста економскиот оператор во постапката за јавна набавка, заради исполнување на условите за квалитативен избор во делот на економската и финансиската состојба и техничката или професионалната способност, да користи способност на други субјекти, без оглед на правните врски помеѓу нив, е уредена со членот 96 од законот.

Во случај кога економскиот оператор користи способност на друг субјект, согласно со ставот (2) од член 96 од законот, тој е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

Кај поедноставената отворена постапка, со оглед на можноста која им ја дава членот 49 став (3) од законот, економските оператори во прилог на понудата доставуваат изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност.

При тоа, во понудата на економскиот оператор и за субјектот чија способност ја користи треба да биде доставена изјава за докажување на способноста (дадена од одговорното лице на субјектот) или документи за утврдување способност, како и валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

Од друга страна, понудувачот согласно член 82 став (11) од законот, во својата понуда мора со сите соодветни средства, вклучувајќи ги и оние од членот 84 од овој закон, да докаже дека стоките, услугите или работите што се во согласност со стандардот ги исполнуваат условите за извршување или функционални карактеристики одредени од страна на договорниот орган.

Оттука, комисијата за јавна набавка во фазата на евалуација, имајќи предвид дека исклучиво таа ја има на располагање целокупната документација од понудата, може да утврди дали истата е прифатлива, односно дали е во согласност со тендерската документација.

Оттука, доколку наведената документација е барана во функција на утврдување на техничката или професионалната способност на економскиот оператор, истиот согласно член 96 став (3) од законот, ако користи способност од друг субјект, е должен да ја докаже поддршката со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги стави на располагање соодветните ресурси.

18.Прашање:

Спроведовме поедноставена отворена постапка за набавка на електрична енергија, без е-аукција. Добиени се понуди од двајца понудувачи.

Понудувачот чија понуда е поповолна има доставено техничка понуда и техничка спецификација, целосно празни во делот каде треба да се наведе што се нуди. Дали ваквата понуда е прифатлива. Имено, нејасно е дали е согласен со условите барани во техничката спецификација. И дали набавка на електрична енергија спаѓа во категорија на специфични набавки?

Одговор:

Во согласност со член 79 став (2) алинеја 7 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр. 24/19, „Службен весник на РСМ“ бр. 87/21 и 14/25), комисијата во фазата на евалуација ги проверува техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација. Согласно алинеја 9 од истиот член, комисијата утврдува неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи.

Дополнително, според точка 11 од Законот - „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Оттаму, со цел да се утврди прифатливоста на понудата, нужно е да се провер техничките понуди на понудувачите.

Во постапките за јавни набавки кои се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), начинот на генерирање и поднесување на образецот на техничката и финансиската понуда е значително олеснет. Имено, согласно последните надградби на ЕСЈН од 01.04.2025 година, образецот со основните податоци на понудувачот, како и финансиската понуда и изјавата за сериозност се генерираат на системот во согласност со внесените податоци од страна на понудувачот на самата форма во модулот за поднесување на понудите. Техничката понуда потребно е дополнително да биде прикачена на системот од страна на понудувачот. Исто така, Ссо цел олеснување на начинот на подготовка на тендерската документација, на ЕСЈН е дадена опција за преземање на модел- образец на техничка понуда уште при самото објавување на огласот. Договорниот орган го прикачува образецот, и по потреба го доуредува во

зависност од предметот на набавката и потребите, а со цел економските оператори јасно да ги изразат/опишат сите детали за стоката/услугата/работата која ја нудат.

Во постапките за јавни набавки кои се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), начинот на генерирање и поднесување на образецот на техничката и финансиската понуда е значително олеснет. Имено, согласно последните надградби на ЕСЈН од 01.04.2025 година, образецот со основните податоци на понудувачот, како и финансиската понуда и изјавата за сериозност се генерираат на системот во согласност со внесените податоци од страна на понудувачот на самата форма во модулот за поднесување на понудите. Техничката понуда потребно е дополнително да биде прикачена на системот од страна на понудувачот. Исто така, со цел олеснување на начинот на подготовка на тендерската документација, на ЕСЈН е дадена опција за преземање на модел- образец на техничка понуда уште при самото објавување на огласот. Договорниот орган го прикачува образецот, и по потреба го доуредува во зависност од предметот на набавката и потребите, а со цел економските оператори јасно да ги изразат/опишат сите детали за стоката/услугата/работата која ја нудат.

Сепак, треба да се има предвид дека во одредени постапки поради специфичностите на набавките понудите ќе се сметаат за прифатливи кога понудувачот прикачува техничка понуда на свој образец и/или случаите кога понудувачот иако нема прикачен документ со детален опис на понуденото (техничка понуда), комисијата ќе оцени дека понудата ги задоволува потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации, што би требало да е видливо барем од генерираниот и пополнет образец на финансиската понуда.

Имајќи го предвид изнесеново, комисијата за јавни набавки во фазата на евалуација, а врз основа на фактичката состојба треба да утврди дали понудата е изготвена согласно тендерската документација и дали е прифатлива или не.

19.Прашање:

На постапката за јавна набавка која ја спроведуваме имаме добиено една единствена понуда во која нема изразено ДДВ. При потпишување на договорот за јавна набавка, избраниот најповолен понудувач укажа дека за предметната јавна набавка он е ДДВ обврзник. Дали може да го склучиме договорот со ДДВ, и притоа да му побараме ревидирана финансиска понуда во која ќе биде изразено ДДВ-то, или постапката да се поништи?

Одговор:

Понудувачот согласно член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. Согласно со ставот (4) од наведениов член, понудувачот треба да достави понуда со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ кој се искажува посебно, во денари или во валута како што е утврдено во тендерската документација.

Вообичаено во пракса, евалуацијата на финансиските понуди се врши на нивната вредност без ДДВ. Следствено на изнесеново, ДДВ-то не е предмет на евалуација, односно се избира најповолната понуда без вклучен ДДВ.

Данокот на додадена вредност (ДДВ) е давачка која ја определува надлежен државен орган т.е. Министерството за финансии, со посебни материјални прописи и истото претставува данок на потрошувачка и законска обврска на сите ДДВ обврзници.

Договорните страни согласно со член 116 став (2) од законот, го склучуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и понудата.

Иако, ДДВ-то не е предмет на евалуација, односно евалуацијата на финансиските понуди се врши на нивната вредност без ДДВ, во склучениот договор се наведува цената без ДДВ, износот на ДДВ како и вкупната вредност на договорот со вклучен ДДВ.

Воедно, укажуваме дека дополнително барање на ревидирана финансиска понуда во која ќе биде изразено ДДВ, не е дозволено од причина што на тој начин се прекршуваат основните начела на јавните набавки и се нарушува интегритетот на процесот.

ПРАВНА ЗАШТИТА

20.Прашање:

Имаме добиено жалба на тендерска документација, и се уште немаме одлука по поднесената жалба а отварање на понудите е утре.

Дали треба да пристапиме кон отварање или да чекаме одговор?

Одговор:

Поднесената жалба согласно член 157 став (1) од законот, го одложува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

Од наведенава одредба може да се заклучи дека жалбата изјавена на одлуката за избор го спречува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

Во случај кога е поднесена жалба на тендерската документација, наведенава одредба не предвидува автоматско суспензивно дејство на жалбата. Тоа значи дека договорниот орган може да продолжи со постапката доколку е вложена жалба во овој дел од постапката. Меѓутоа, продолжувањето на постапката може да е ризично бидејќи во случај на усвојување на жалбата, постапката би се вратила на почеток. Затоа, договорниот орган треба внимателно да процени дали ќе ја искористи можноста од продолжување на постапката и ќе се изложи на дополнителен ризик или ќе запре со неа и ќе го почека исходот од жалбената постапка.

21.Прашање:

Поднесена е жалба на содржината на тендерската документација. Државната комисија за жалби нема донесено одлука по жалба веќе 2 месеци.

Постапката е стопирана во фаза на започнување на евалуација на понуди.

До кога треба да се чека одлука од ДКЖЈН?

Одговор:

Поднесената жалба согласно член 157 став (1) од законот, го одложува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

Од наведенава одредба може да се заклучи дека жалбата изјавена на одлуката за избор го спречува склучувањето на договорот за јавна набавка и рамковната спогодба до конечноста на одлуката на Државната комисија.

Во случај кога е поднесена жалба на тендерската документација, наведенава одредба не предвидува автоматско суспензивно дејство на жалбата. Тоа значи дека договорниот орган може да продолжи со постапката доколку е вложена жалба во овој дел од постапката. Меѓутоа, продолжувањето на постапката може да е ризично бидејќи во случај на усвојување на жалбата, постапката би се вратила на почеток. Затоа, договорниот орган треба внимателно да процени дали ќе ја искористи можноста од продолжување на постапката и ќе се изложи на дополнителен ризик или ќе запре со неа и ќе го почека исходот од жалбената постапка.